Врз основа на член 388 – б од Законот за трговски друштва, а поврзано со поднесените иницијативи од акционерите на Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошен текст: „СБ“ и/или „Банката“) за можна конверзија на приоритетните акции издадени од СБ во обични акции, ја информираме засегнатата јавност за следното:

На седница на Надзорниот одбор одржана на 28.4.2023 година, меѓудругото, беа разгледани три иницијативи поднесени од акционери на Банката во однос на можна конверзија на приоритетните акции во обични акции и беше донесен следниот заклучок:

> „Конверзијата на приоритетните акции издадени од Банката во обични акции на Банката е прашање за кое се исклучиво надлежни да расправаат и одлучуваат акционерите на Стопанска банка АД – Скопје, во согласност со законот и Статутот на Банката. Органите на управување и надзор на Банката, согласно принципите на доброто корпоративно управување, ги препознаваат и почитуваат сите законски загарантирани права на акционерите и обезбедуваат еднаков третман под еднакви услови за сите акционери кои имаат акции од ист род и класа.
>
> Имајќи го ова предвид, сите предлози доставени од акционерите во врска со можната конверзија, вклучително и доколку се достават предлози во рокот од 8 дена по објавувањето на Јавниот повик за одржување на Годишното Собрание на акционери на СБ, беа и ќе бидат соодветно проследени до надлежните тела на Банката и доставени на разгледување на Собранието на акционери како што се предложени.
>
> Оттука, по евентуалното донесување на одлука за конверзија на приориритетните акции во обични акции во законски пропишаната постапка за усвојување на ваков тип на одлуки, Банката ќе ги почитува законот и подзаконските акти со кои се уредува постапката и ќе ја спроведе по добивањето на потребните одобренија и согласности од надлежните институции.“

**СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk